

Славко Милосавлевски (28. I 1928 – 14. X 2012) е македонски социолог и универзитетски професор, дисидент од времето на комунизмот. Предавал социологија на Правниот факултет во Скопје. Во периодот од 1966 до 1969 година бил член на Извршниот комитет на ЦК на СКЈ, а од 1969 до 1972 година бил секретар на Секретаријатот на ЦК на СКМ. По смената на либералното раководство, бил приморан да даде оставка на 36-тата седница на ЦК на СКМ (јануари 1973) и во јуни 1974 е исклучен од СКМ, по што му престанува работниот однос на Факултетот. Бил основач и прв претседател на Социјалдемократската партија на РМ.

Славко Милосавлевски е роден на 28 јануари 1928 година во тетовското село Вратница. Основно училиште завршил во родното место, а гимназија во Скопје. За време на Втората светска војна, по окупацијата на Кралството на Југославија во 1941 година, се приклучил на Народноослободителната борба (НОБ). Тој се вклучил во Шарпланинскиот партизански одред. Во 1943 година бил примен во Комунистичката партија на Југославија и до крајот на војната вршел низа политички должности. Носител е на Партизанска споменица 1941.

По ослободувањето, до 1953 година бил на разни политички должности во Југословенската народна армија (ЈНА). По демобилизацијата го продолжил своето образование. Се запишал на Правниот факултет во Скопје, на кој дипломирал во 1957 година. За време на студиите се наоѓал на повеќе должности: организациски секретар на Универзитетскиот комитет (1954); член на Градскиот комитет на СКМ во Тетово (1955); секретар на Општинскиот комитет на СКМ во Тетово (1958) и претседател на Народниот одбор на општината во Тетово (1958).

Постдипломски студии Милосавлевски завршил на Институтот за општествени науки во Белград во 1960 година, а докторирал на Правниот факултет во Скопје во 1965 година. Предавал социологија на Правниот факултет во Скопје од 1961 до 1974 година. Бил предавач од 1961 до 1965 година; вонреден професор од 1966 до 1971 година и редовен

професор од 1972 до 1974. Од  1967 до април 1969 година бил директор на Институтот за социолошки и политичко правни истражувања.

Во 1964 година, на Осмиот конгрес на СКЈ, Славко Милосавлевски бил избран за член на Централниот комитет на СКЈ. Во периодот од 1966 до 1969 година, тој бил член на Извршниот комитет на ЦК на СКЈ, а од 1969 до 1972 година бил секретар на Секретаријатот на ЦК на СКМ. На Деветиот конгрес на СКЈ во 1968 година бил избран за член на Претседателството на СКЈ

Во текот на борбата со либерализмот и национализмот, како близок соработник на Крсте Црвенковски, тој се нашол на удар. На 36-тата седница на ЦК на СКМ одржана во јануари 1973 година, под притисок, тој дал оставка на сите политички функции.

Во јуни 1974 година Милосавлевски бил исклучен од СКМ, по што му престанал и нработниот однос на Факултетот. Тој останал изолиран се до вoводеување на политичкиот плурализам, кога станал основач и прв претседател на Социјалдемократската партија на РМ. На чело на партијата бил до септември 1991 година.

По осамостојувањето на Македонија, од 1996 до 2003 година бил вонреден и ополномоштен амбасадор на РМ во СРЈ/СиЦГ.

Славко Милосавлевски починал на 14 октомври 2012 година во тетовското село Вратница.

Славко Милосавлевски има објавено поголем број дела, од кои позначајни се следните: „Сојузот на комунистите и самоуправувањето“ (1967); „Револуција и демократија“ (1967); „Изборниот систем и изборната демократија во практиката“ (1968); „Одлики на развитокот на движењето на СКМ“ (1968); „Социјализам и суверенитет“ (1971); „Револуција и антиреволуција“ (1972); „Вратница : Етно-социолошки приказ“ (1985); „Контрадикциите на Јосип Броз“ (1990, на српски јазик); „Страв од промени : кризата на политичкиот систем на Југославија во седумдесеттите години“ (1991); „ Социологија на македонската национална свест
“ (два тома, 1992 и 1997); „Југословенските социјалисти-комунисти и македонското

прашање (1918-1945)“ (1992); „Источна Европа помеѓу егалитаризмот и демократијата“ (1993);

„'Разговор' со Добрица Ќосиќ“ (1994); „Двете лица на собитијата“ (1996); „Нашиот поглед за времето на Колишевски“ (1996, заедно со Крсте Црвенковски); „Албанците во Република Македонија (1945 - 1995)“ (1997, на македонски и англиски јазик); „Македонски контроверзи : (1990-2003)“ (2004); „Амбасадорски записи“ (2006).

(извор: М.Е. 2. Скопје, 2009 г.)



Подготвил: Т.К.